РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-1116/2
13 -11- 2019

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава, на дваесет и третата седница одржана на ден 01 ноември 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Кривичниот Законик на Република Северна Македонија, член 107 став 1 точка 5, Државната комисија за спречување на корупцијата нема законски основ за преземање мерки за постапување по предметот број 09-1116/1 од 07.03.2019 година.

Предметот со број 09-1116/1 од 07.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1116/1 од 07.03.2019 е оформен врз основа на пријава од познати подносители, а се однесува за утврдување постоење судир на интереси во постапка за вработување на повеќе лица во Управата за безбедност и контраразузнавање и Бирото за јавна безбедност.

Поради фактот што вработувањето на лицата од пријавата се реализирани 2007, 2008, 2012 и 2015 година, на седницата одржана на ден 01 ноември 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека нема законски основ за постапување согласно член 17 став 1 точка 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, бидејќи не може да се покрене Иницијатива за поведување постапката за утврдување на одговорност затоа што службените лица кои извршиле вработување на блиските лица, не ги извршуваат повеќе функциите во Управата за безбедност и контраразузнавање и Бирото за јавна безбедност. Исто така Државната комисија за спречување на корупцијата не може да покрене Иницијатива за кривично гонење согласно член 17 став 1 точка 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, а во врска со член 353 од Кривичниот


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Законик, бидејќи делото е застарено согласно член 107 став 1 точка 5 од Кривичниот Законик на РСМ.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk